Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр. 202/2024”), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четериесет и прва редовна седница, одржана на ден 23.12.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2025 година**

Со Програмата се опфатени активностите на општината во 2025 година на планот на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на системи за водоснабдување на населените места и изградбата на фекални канализации во истите.

**Канализација**

Согласно договорот на Општина Валандово и Министерството за животна средина и просторно планирање со средства во износ од 21.167.000,00 денари обезбедени од Влада на Република Северна Македонија се реализира проектот „Основен проект за дел од колектор за град Валандово, дел 1“ во Општина Валандово.

Обезбедени се средства во износ од 3.500.000,00 денари за „Изработка на техничка документација за изградба на канализационен систем во населено место Чалакли“, преку конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година од Министерството за животна средина и просторно планирање и во тек е изработката на техничката документација.

Од Буџетот на Општина Валандово обезбедени се средства од 1.073.685,54 денари за реализирање на градежни работи за канализирање на атмосферски и фекални отпадни води на териротијата на Општина Валандово.

Доколку се обезбедат средства ќе се отпочне со изградба на Пречестителна станица за отпадни води, за кој Општина Валандово претходно има изработено техничка документација со сите фази. Вкупната проектирана вреност на овој проект е 237.132.123,26 денари.

**Водовод**

Со одлука за распределба на средства донесена од Владата на Република Северна Македонија, а согласно договорот склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европстката Инвестициона Банка на Општина Валандово за проектот „Изградба на водоводен систем за с. Калково, Општина Валандово“, фаза III (изградба на каптажа, доводен цевковод – крак 1 и дел од секундарна мрежа доделени се средства во изност од 593.371 евра во денарска противредност според средниот курс од НБРСМ. Обезбедените средства ќе се спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање.

Од буџетот на Општина Валандово ќе се промени дел од водоводната линија на улица Маршал Тито во Валандово.

Се изработува техничка документација за потисен цевковод од пумпна станица Чалакли – Татарли до град Валандово. Доколку се обезбедат финансиски средства ќе се отпочне со изградба на истиот.

Ќе се изгради нова водоводна линија од пумпна станица Чалакли – Татарли до село Чалакли.

За намалување на загубите со вода доколку се обезбедат финансиски средства ќе се направи замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување со Општина Валандово. Вкупната вредност на проектот е 47.644.506,00 денари

Свои инвестициони активности на планот на одржувањето и надградбата на водоснабдителните и канализационите системи во општината со кои управува ЈП Комунален сервис Валандово, ќе има и јавното претпријатие преку реализација на  Програмата за работа и развој на претпријатието за 2025 година.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков